РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА –

До Државната комисија за спречување на корупцијата е доставено барање на мислење за тоа дали постои состојба на судир на интереси и основ за изземање на службено лице (раководител на одделение) во општинската администрација од постапување по предмети во кои врши оценка и одобрување на проекти изработени од страна на блиски лица (роднини по крв во права линија или брачен другар), поточно дали постои судир на интереси и основ за изземање на службено лице (раководител на одделение) од предмет во кој врз основа на член 59 став 8 од Законот за градење утврдува дали основниот проект изработен од страна на блиско лице е изработен во согласност со прописите за проектирање, урбанистичкиот план или Урбанистичко – планската документација или проектот за инфраструктура, а во врска со член 59ѕ став 1 од истиот закон. Исто така побарано е да се утврди дали постои судир на интереси доколку службено лице (раководител на одделение) во општинската администрација доставува барање за јавна набавка со изготвена техничка спецификација и дефинирани критериуми за избор за јавната набавка и во постапката за јавната набавка учествува и договорот за јавна набавка го добива економски оператор – правно лице во кое основач и управител е блиско лице ( роднини по крв во права линија или брачен другар) на службеното лице кое го поднело барањето за јавна набавка со изготвена техничка спецификација и дефинирани критериуми за избор.

Државната комисија за спречување на корупцијата согласно член 72 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија„ бр. 12/2019 од 19 јануари 2019 година), го издава следново:

## М И С Л Е Њ Е

Државната комисија утврди дека постои состојба на судир на интереси и основ за изземање на службеното лице (раководител на одделение), доколку истото лице постапува по предмети во кои врши оценка и одобрување на проекти изработени од страна на блиски лица (роднини по крв во права линија или брачен другар), односно доколку истото лице врз основа на член 59 став 8 од Законот за градење утврдува дали основниот проект изработен од страна на блиско лице е изработен во согласност со прописите за проектирање, урбанистичкиот план или Урбанистичко – планската документација или проектот за инфраструктура, а во врска со член 59ѕ став 1 од истиот закон. Ова од причина што, согласно дефиницијата на состојбата на судир на интереси предвидена во член 2, став 3 од Законот за спречување на корупцијата и

судирот на интереси (Службен весник на РСМ бр. 12/19), службено лице, раководител на одделение во општинска администрација, има приватен интерес што влијае или може да влијае врз непристрасно вршење на неговите јавни овластувања или службени должности кои ги извршува.

Исто така, постои судир на интереси доколку службеното лице (раководител на одделение) во општинската администрација, доставува барање за јавна набавка со изготвена техничка спецификација и дефинирани критериуми за избор за јавната набавка и во постапката за јавната набавка учествува и договорот за јавна набавка го добива економски оператор – правно лице во кое основач и управител е блиско лице (роднини по крв во права линија или брачен другар) на службеното лице кое го поднело барањето за јавна набавка со изготвена техничка спецификација и дефинирани критериуми за избор. Ова од причина што, согласно погоре споменатата дефиниција на состојбата на судир на интереси, и ова службеното лице, раководител на одделение во општинска администрација има приватен интерес што влијае или може да влијае врз непристрасно вршење на неговите јавни овластувања или службени должности кои ги извршува.

Државната комисија укажа на тоа дека во конкретните случаи треба да се применат и почитуваат одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и тоа:

Член 73 став 1 и став 3,

*(1) Ако службено лице учествува во расправа на орган или тело во кое се одлучува за работи за кои тоа или блиско лице има приватен интерес, службеното лице е должно да го пријави постоењето на приватниот интерес и да се изземе пред расправата и одлучувањето, а најдоцна пред почетокот на одлучувањето.*

*(3) Прикривањето на постоење приватен интерес од страна на службеното лице претставува повреда на должноста и основа за покренување постапка за утврдување на одговорност и изрекување на мерки согласно со овој закон.*

И Член 75

*(1) Кога службеното лице ќе дознае за околности што укажуваат на постоење на судир на интереси или на потенцијален судир на интереси, е должно веднаш да побара да биде изземено и да запре со своето постапување.*

*(2) Службеното лице ќе биде изземено од вршењето на определено дејствие со одлука на органот во кој е избрано или именувано, односно каде што врши функции, јавни овластувања или службени должности и по барање на заинтересирано лице кое дознало за околности што укажуваат на постоење на судир на интереси или на потенцијален судир на интереси.*

Имено, согласно начелото на интегритет, секое службено лице во вршењето на својата функција е должно да внимава на евентуален судир на интереси и при извршувањето на јавните овластување и должности не смее да се раководи од лични , семејни, верски, партиски и етнички интереси.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик претседател,**
**Катица Николовска**


Република Северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk